**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.44-2282/80
Скопје, 22 јуни 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**С К О П Ј Е**

И З В А Д О К
од Нацрт – записникот од Седумдесет и првата седница
на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 22 јуни 2020 година

„ТОЧКА 1: Записник од Осумдесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 јуни 2020 година

Владата го разгледа Записникот од Осумдесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 јуни 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги усвои следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Осумдесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 јуни 2020 година.

2. Го усвои Протоколот за постапување на средните училишта за време на полагањето на квалификацискиот испит во учебната 2020/2021 година, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, која е составен дел од точка 2 од Дневниот ред."

**Прилог 1: Записник од ГККШ**

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ДОСТАВЕНО И ДО:

- сите државни институции
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа
- Секторот за односи со јавност на Владата
- Стопанските комори во Република Северна Македонија

Подготвил: м-р Билјана Цонеска
Контролирал: Љубица Р. Димоска
Согласен: Дејан Јакимовски

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 20 јуни 2020 година

Архивски број: 08-780/80

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 20-06-2020
Орг.един. / Njësia Org.: 44
Број: / Numër: 2282/80

**З А П И С Н И К**

**од Осумдесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 јуни 2020 година**

На 20 јуни 2020 година (сабота), со почеток во 9.30 часот, преку видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација, се одржа Осумдесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, по овластување на раководителот на Главниот координативен кризен штаб, раководеше д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и Аднан Џафероски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Петре Шилегов, претседател на Заедницата на единиците на локалната самоупра и градоначалник на Град Скопје и Тоше Зафиров, советник на Претседателот на Република Северна Македонија.

На овој состанок на Главниот координативен кризен штаб одржан преку видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, не учествуваа, Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и м-р Крешник Бектеши, министер за економија.

*

* *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **се утврди следниот Дневниот ред:**

**Точка 1:**

Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

**Точка 2:**

Прашања и предлози

*

*  *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, поединечно ги потврди сите присутни и отсутни лица од оваа видео – конференциска комуникација.
Потоа, членовите на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

**По однос на точката 1 од Дневниот ред,** министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, како и за реализација на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, како и за состојбата на клиниките и здравствените установи низ државата. Сите надлежни институции тековно ги следат состојбите низ здравствените установи во Република Северна Македонија.

Министерот за финансии, д-р Нина Ангеловска, укажа на потребата Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да направи план и соодветни протоколи за отпочнување со работа на одредени дејностикои во моментов не работат поради мерките на Владата (фитнес центри, вежбални, автомат клубови и казина, како и предлог во однос на отпочнување со работа на моловите во недела.

Согласно доставените материјали, информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. **Министерството за здравство – Државен санитарен и здравствен инспекторат да достави писмо до Агенцијата за заштита на лични податоци за можноста и начинот за објавување на лицата кои се упатени во домашна изолација.**

2. **Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да достави предлог за наредниот состанок на Главниот координативен кризен штаб за начинот и периодот на отпочнување со работа на вежбалните, фитнес центрите, автомат клубови, казина, преку соодветни протоколи за работа.**

3. **Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да достави предлог за период од кога да отпочнат со работа моловите и во недела.**

4. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Податоците за констатирани прекршоци за не носење лична заштита на лицето во период од 7.00 часот на 19 јуни 2020 година, до 7.00 часот на 20 јуни 2020 година, со збирна табела на констатирани прекршоци, доставени од Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност.

5. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со Дневниот извештај, доставен од Државниот санитарен и здравствен инспекторат, за 19 јуни 2020 година.**

6. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со Дневниот извештај за извршени надзори, доставен од Државниот инспекторат за труд, за 19 јуни 2020 година.**

7. **Го разгледа Барањето за директен и непречен премин на државна граница кон Република Бугарија, доставено од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, под бр. 25-2838/1 од 18.06.2020 година, и го одобри истото поради постоење на државен интерес, односно одобри излез/влез од/на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, како и без приложување на медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезе на територија на Република Северна Македонија, за лицата**


Канцеларија на Претседателот на Владата
на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2008
SGS

наведени во предметното Барање (Боро Герасимовски, капетан на владиниот авион Лирџет 60 и Игор Стојановски, службено лице - возач), а Министерството за надворешни работи да асистира за непречен транзит на овие лица.

8. Го разгледа Барањето за директен и непречен премин на државна граница, кон Република Србија, доставено од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, под бр. 25-2838/2 од 18.06.2020 година, и го одобри истото поради постоење на државен интерес, односно одобри излез/влез од/на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, како и без приложување на медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезе на територија на Република Северна Македонија, за лицата наведени во предметното Барање (Емил Георгиев и Бојан Матејиќ пилоти – капетани на владиниот авион Лирџет 60 и Ѓорѓи Здравковски, службено лице - возач), а Министерството за надворешни работи да асистира за непречен транзит на овие лица.

9. Го разгледа Барањето доставено од Амбасадата на Босна и Херцеговина во Република Северна Македонија, под бр. Но:134-04-30-364-1/20 од 18 јуни 2020 година и го одобри истото поради постоење економски интерес, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, под услов лицата наведени во предметното Барање (Армин Демир и Осман Потуровиќ, државјани на Босна и Херцеговина), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложат соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезат на територија на Република Северна Македонија, а задолжително при извршувањето на работата и работните активности и по завршувањето на истите да се придржуваат до протоколите од Министерството за здравство.

10. Го разгледа Барањето доставено од Амбасадата на Република Србија во Република Северна Македонија, под бр. 807-574-КС18/20204 од 19 јуни 2020 година и го одобри истото поради постоење економски интерес, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, под услов лицето наведено во предметното Барање (Дејан Радоњиќ, државјанин на Република Србија), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложи соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезе на територија на Република Северна Македонија, а задолжително при извршувањето на работата и работните активности и по завршувањето на истите да се придржува до протоколите од Министерството за здравство.

11. Го разгледа Барањето доставено од Амбасадата на Република Србија во Република Северна Македонија, под бр. 807-575-КС18/2020-4 од 19 јуни 2020 година и го одобри истото поради постоење економски интерес, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, под услов лицето наведено во предметното Барање (Радомир Пејчиновиќ, државјанин на Република Србија), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложи соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезе на територија на Република Северна Македонија, а задолжително при извршувањето на работата и работните активности и по завршувањето на истите да се придржува до протоколите од Министерството за здравство.

12. Го разгледа Барањето доставено од НЕЛТ СТ ДООЕЛ Скопје, под бр.0302-828/01 од 18.6.2020 година и го одобри истото поради постоење економски интерес, односно одобри влез на територија на Република Северна

**Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, под услов лицата наведени во предметното Барање (Ненад Растовац и Раде Јашовиќ, државјани на Република Србија), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложат соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезат на територија на Република Северна Македонија, а задолжително при извршувањето на работата и работните активности и по завршувањето на истите да се придржуваат до протоколите од Министерството за здравство.**

13. **Го разгледа Барањето за влез на странски државјани од Република Грција, доставено од Мермерен Комбинат АД Прилеп, под бр.03-3261/1 од 19.6.2020 година и го одобри истото поради постоење економски интерес, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, под услов лицата наведени во предметното Барање (Христофорос Павлидис и Николаос Димарелис, државјани на Република Грција), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложат соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезат на територија на Република Северна Македонија, а задолжително при извршувањето на работата и работните активности и по завршувањето на истите да се придржуваат до протоколите од Министерството за здравство.**

14. **Го разгледа Барањето за иземање од мерките за ограничување при влез во државата, доставено од АК-ИНВЕСТ ДООЕЛ, Тетово, под бр.0301/144-3 од 19.6.2020 година и го одобри истото поради постоење економски интерес, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, под услов лицето наведено во предметното Барање (Кујтим Хоџа, државјанин на Република Косово), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложи соодветна медицинска потврда**

со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезе на територија на Република Северна Македонија, а задолжително при извршувањето на работата и работните активности и по завршувањето на истите да се придржува до протоколите од Министерството за здравство.

15. Го разгледа Барањето за дозвола за влез и престој без задолжителен период на самоизолација, доставено од ДРЦ ТЕКСТИЛЕС ДООЕЛ Штип, под бр.0403/3 од 19.6.2020 година, преку полномошник адвокат Нино Новески од Скопје и го одобри истото поради постоење економски интерес, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, под услов лицата наведени во предметното Барање (Сердар Дерици, Кани Дерици и Семих Дерици, државјани на Република Турција), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложат соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезат на територија на Република Северна Македонија, а задолжително при извршувањето на работата и работните активности и по завршувањето на истите да се придржуваат до протоколите од Министерството за здравство.

16. Го разгледа Барањето доставено од БЕНИ-ТРАНС ДООЕЛ Струга и го одобри истото поради постоење економски интерес, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, под услов лицата наведени во предметното Барање (Артан Божа, Илир Божа, Бујар Божа, Халим Божа и Урим Корча), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложат соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезат на територија на Република Северна Македонија, а задолжително при извршувањето на работата и работните активности и по завршувањето на истите да се придржуваат до протоколите од Министерството за здравство.

17. **Го разгледа новото дополнето Барање за добивање на дозвола за влез во државата, доставено од ВАТРОСТАЛНА ДОО Скопје, под бр. 03-186/1 од 19.6.2020 година и го одобри истото поради постоење економски интерес, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, под услов лицата наведени во предметното Барање (Томас Бургиел и Павел Шчепаниак), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложат соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезат на територија на Република Северна Македонија, а задолжително при извршувањето на работата и работните активности и по завршувањето на истите да се придржуваат до протоколите од Министерството за здравство.**

18. **Го разгледа Барањето за иземање на мерки и обврски при влез на домашни државјани во Република Северна Македонија поради постоење на економски интерес, доставено од БИОТЕК ДОО Скопје, под бр.03-1037 од 15.6.2020 година и го одобри истото поради постоење економски интерес, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, под услов лицето наведено во предметното Барање (Дејан Синадинов, државјанин на Република Северна Македонија), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложи соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезе на територија на Република Северна Македонија, а задолжително при извршувањето на работата и работните активности и по завршувањето на истите да се придржува до протоколите од Министерството за здравство.**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

19. Го разгледа Барањето за изземање од задолжителен државен карантин и домашна самоизолација, доставено од Министерството за здравство и го одобри истото поради постоење државен интерес, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, како и без приложување соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезат на територија на Република Северна Македонија за лицето наведено во предметното Барање (д-р Фабио Скано претставник на Светската здравствена организација).

    Доколку ова лица не може да приложи ваква медицинска потврда, веднаш по влегувањето во Република Северна Македонија да се упати до соодветна здравствена установа/лабораторија со цел правење на PCR тест, а потоа задолжително при извршувањето на работата и работните активности и по завршувањето на истите да се придржува до протоколите од Министерството за здравство.

20. Го разгледа Барањето доставено од МИА Медиумска Информативна Агенција, под бр. 03-389 од 18.6.2020 година и го одобри истото поради постоење државен интерес, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, под услов лицето наведено во предметното Барање (Оливер Бранковиќ), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложи соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезе на територија на Република Северна Македонија, а задолжително при извршувањето на работата и работните активности и по завршувањето на истите да се придржува до протоколите од Министерството за здравство.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

21. Го разгледа Барањето доставено од Мотоциклистичка Федерација на Северна Македоннија, под бр.21/20 од 19.6.2020 година и го одобри истото поради постоење државен интерес, односно одобри излез/влез од/на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, под услов лицата наведени во предметното Барање (14 лица наведени во Барањето), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложат соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезат на територија на Република Северна Македонија, а задолжително при извршувањето на работата и работните активности и по завршувањето на истите да се придржуваат до протоколите од Министерството за здравство.

22. Го разгледа Барањето доставено од АДКОМ – Здружение на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија, под бр.сл-034-2020 од 19.6.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии, Министерството за економија и Министерството за транспорт и врски, со цел доставување на одговор по предметното Барање.

23. Го разгледа Барањето за излез и повторен влез на територија на Република Северна Македонија поради итен лекарски преглед во странство, доставено од Зани Ќамили преку Амбасадата на Република Северна Македонија во Софија, Република Бугарија, под бр.33-03-539/3 од 19 јуни 2020 година и го одобри истото имајќи ја предвид здравствената состојба и приложената медицинска документација, односно одобри излез/влез од/на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, под услов лицата наведени во предметното Барање (Беса Сулејмани Ќамили, Зани Ќамили и


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

Ќендреса Сулејмани), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложат соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезат на територија на Република Северна Македонија, а задолжително при транспортот и активностите и по завршувањето на истите да се придржуваат до протоколите од Министерството за здравство.

Исто така, Министерството за надворешни работи да асистира за непречен транзит на овие лица во Република Бугарија.

24. Го разгледа Барањето за патување за медицински потреби, доставено од Деница Велковска и го одобри истото имајќи ја предвид здравствената состојба и приложената медицинска документација, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, под услов лицата наведени во предметното Барање (Ѓорѓи Велковски, Деница Велковска и Јане Велковски), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложат соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезат на територија на Република Северна Македонија, а задолжително при транспортот и активностите и по завршувањето на истите да се придржуваат до протоколите од Министерството за здравство.

25. Го разгледа Барањето доставено од Амбасадата на Република Косово во Република Северна Макеедонија, под бр.271/2020 од 19.6.2020 година и го одобри истото поради постоење државен интерес, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, под услов лицата наведени во предметното Барање (Ѓерѓ Дедај, Луше Дедај, Астрит Дедај и Флориан Дедај), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложат соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезат на територија на Република Северна Македонија, а задолжително при

извршувањето на работата и работните активности и по завршувањето на истите да се придржуваат до протоколите од Министерството за здравство.

Доколку овие лица не можат да приложат ваква медицинска потврда, веднаш по влегувањето во Република Северна Македонија да се упатат до соодветна здравствена установа/лабораторија со цел правење на PCR тест.

26. Го разгледа Барањето доставено од Амбасадата на Република Северна Македонија во Приштина, Република Косово, под бр.50-01-171/1 од 19.06.2020 година и го одобри истото имајќи ја предвид здравствената состојба и приложената медицинска документација, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, под услов лицето наведено во предметното Барање (Тони Петровски, вржител на должност во Амбасадата), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложи соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезе на територија на Република Северна Македонија, а задолжително при транспортот и активностите и по завршувањето на истите да се придржуваат до протоколите од Министерството за здравство.

    Доколку ова лице не може да приложи ваква медицинска потврда, веднаш по влегувањето во Република Северна Македонија да се упати до соодветна здравствена установа/лабораторија со цел правење на PCR тест.

27. Го разгледа Барањето доставено од Венера Стојкоска и Федора Стојкоска – Христов, државјани на Соединетите Американски Држави и го одобри истото имајќи ја предвид здравствената состојба и приложената медицинска документација на член од семејството, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин и без упатување во домашна изолација, поради давање нега на друго лице, со задолжително почитување на протоколите за лична заштита.

**Лицата наведени во предметното Барање при влез на територија на Република Северна Македонија да приложат соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен 72 часа пред да влезат на територија на Република Северна Македонија.**

28. **Го разгледа Барањето доставено од ЈЗУ Општа Болница Струга, под бр.03-1015/1 од 19.06.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство и Министерството за финансии, со цел доставување одговор по предметното Барање.**

29. **Го разгледа Барањето за влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во државен карантин и без упатување во домашна изолација, доставено од Вера Гаши Бала и одобри еднократен влез во Република Северна Македонија, имајќи ја предвид здравствената состојба на лицето од предметното Барање (бременост), под услов при влез на територија на Република Северна Македонија подносителот на Барањето (Вера Гаши Бала и Валон Бала) при влез на територија на Република Северна Македонија да приложат соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен 72 часа пред да влезат на територија на државата, а при патувањето и здравствените прегледи да се придржуваат до протоколите за лична заштита.**

    **Доколку овие лица не можат да приложат ваква медицинска потврда, веднаш по влегувањето во Република Северна Македонија да се упати до соодветна здравствена установа/лабораторија со цел правење на PCR тест.**

30. **Ја разгледа Вербалната Нота доставена од Амбасадата на Сојузна Република Германија во Република Северна Македонија, под бр.115/2020 од 19.06.2020 година и го одобри барањето наведено во истата поради семејно обединување, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија без спроведување во задолжителен државен карантин и без**

**упатување во домашна изолација на лицето наведено во предметното Барање (Ерих Холцварт) имајќи ја предвид здравствената состојба на неговата сопруга Свитлана Холцварт, под услов при влез на територија на Република Северна Македонија да приложи соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезе на територија на Република Северна Македонија.**

**31. Го разгледа Барањето доставено од Општинскиот штаб за заштита и спасување на Општина Штип, под бр. 09-2891/2 од 19.06.2020 година во врска со доставеното Барање од Дејана Мамутова, државјанин на Република Австрија и го одобри истото односно одобри влез/излез во/од територија на Република Северна Макдонија поради присуство на погреб на член од семејството и напуштање на државата наредниот ден по погребот.**

**32. Го разгледа Барањето доставено од Зумрета Лукач, државјанин на Република Србија и го одобри истото поради потребата од присуство на погреб на член од семејството.**

**За време на погребот ова лице да бидат под постојана полициска придружба, а по завршување на погребот да биде упатено во домашна изолација или да ја напушти територијата на Република Северна Македонија.**

**33. Го разгледа Барањето доставено од Никола Билбиловски и Марина Билбиловски и го одобри истото поради потребата од присуство на погреб на член од семејството.**

**За време на погребот овие лица да бидат под постојана полициска придружба, а по завршување на погребот да бидат упатени во домашна изолација или да ја напуштат територијата на Република Северна Македонија.**

34. **Го разгледа Барањето доставено од Ивана Соколова, државјанин на Република Северна Македонија и Жак Мациеј, државјанин на Република Полска и го одобри истото поради семејно обединување – склучување брак во Република Северна Македонија, односно одобри влез на територија на Република Северна Македонија, без спроведување во задолжителен државен карантин, под услов лицето наведено во предметното Барање (Жак Мациеј), при влез на територија на Република Северна Македонија да приложи соодветна медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест направен во последните 72 часа пред да влезе на територија на Република Северна Македонија, со цел негово упатување во 14 дневна домашна изолација.**

*

* *

**По однос на точката 2 од Дневниот ред,** немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*

* *

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На овој состанок одржан преку видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација е воден записник.

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Бујар Османи**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS